Australian Government

Department of Health and Aged Care

[Correspondent Name]
[Correspondent Street]
[CORRESPONDENT SUBURB] [CORRESPONDENT STATE] [Correspondent Post Code]

XX април 2025

Почитуван/Почитувана XX,

## Подготовки за новата програма Support at Home

Ви пишувам бидејќи сега добивате услуги на нега на стари лица преку Home Care Package [Пакет на домашна нега] или сте овластен претставник на некој кој ги добива тие услуги.

Австралиската влада воведува промени во негата на стари лица дома. На 1-ви јули 2025 година вие ќе преминете на Support at Home [Поддршка дома], нова програма подготвена за да ви помогне подолго да останете самостојни во вашиот дом и заедницата.

### За Support at Home

Support at Home ќе ви овозможи пристап до услуги, производи, опрема и домашни преправки за да останете здрави, активни и социјално поврзани, како со сегашната програма Home Care Packages. Услугите што ќе ги добивате ќе бидат врз основа на ваша процена, одобрување и буџет. Ќе ги добивате истите услуги ако се тие наведени во списокот на услуги на Support at Home. Вашиот давател на услуги ќе продолжи да ви помага да ја одберете комбинацијата на услуги соодветна на вашите потреби и буџет.

Support at Home исто така нуди нови патишта за финансирање:

- со restorative care (нега за закрепнување) финансирањето ќе се продолжи од 8 недели нега на 12 недели, со фокус на allied health (придружно здравство) заради зацврстување на силните страни и способности.
- нега end-of-life (на крајот од животот) за луѓето кои се при крајот на животот да имаат повисоко ниво на нега во нивните последни месеци
- насочено финансирање за помошна технологија и домашни преправки, за да не морате да го користите вашиот редовен домашен буџет за плаќање на овие услуги.

Вие ќе продолжите да добивате исто ниво на финансирање како што добивате со вашиот Home Care Package. Со Support at Home, со износот на вашиот годишен буџет ќе се управува во **тримесечни** интервали. Сите непотрошени средства што сега ги имате ќе бидат и натаму достапни. Ако не го потрошите вашиот тримесечен буџет, во следното тримесечје може да пренесете најмногу 1.000 долари или 10 проценти (во зависност кој износ е поголем).

### Следни чекори

Пред 1-ви јули 2025 година, вашиот давател на услуги (provider) ќе ве контактира заради разгледување на вашиот план на нега, да ве извести за неговите нови цени и да подготви нов договор за услуги, за да продолжи да дава услуги на нега според новата програма.

Тоа е важен разговор и треба да го искористите за да обезбедите дека ќе ги добивате услугите кои ви даваат најголема поддршка.

Владата воведе заштитни мерки за да можете да бидете сигурни дека тие цени се разумни и транспарентни. За повеќе информации за тие заштитни мерки и цени со Support at Home може да видите на: https://www.health.gov.au/news/new-support-at-home-pricing-guidance.

Services Australia ќе ви прати писмо со известување колку ќе треба да придонесувате во цената на вашите услуги. За да го направи тоа, Services Australia може да ви побара информации за вашите приходи и имот.

Во ова писмо приложивме список за проверка заради помош да се подготвите за Support at Home.

**Каде можам да се обратам ако имам прашања?**

Ако сакате да дознаете повеќе за Support at Home, ве молиме посетете ја веб-страницата на myagedcare.gov.au/improving-australias-aged-care-system

Исто така може да контактирате со:

- вашиот давател на услуги од Home Care Package
- телефонската линија за застапување во негата на стари лица на Older Persons Advocacy Network (OPAN) [Мрежа за застапување на постари лица] на 1800 700 600 за информации за вашите права и за да побарате поддршка да разговарате со вашиот давател на услуги. Посетете ја интернет страницата www.opan.org.au

Австралиската влада ќе ви пишува пак кога ќе наближи 1-ви јули 2025 со повеќе информации што ќе ви требаат.

Со почит,

Sonja Stewart
Заменик секретар
Април 2025